Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-438/6
27.12.20 21 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**до: Агенција за млади и спорт**
**Г-дин Наумче Мојсовски**
**ул. Македонија број 38 (Палата Панко Брашнаров), 1000 Скопје**

---

**предмет: Доставување на годишен извештај на службеникот за млади во Бирото за развој на образованието за 2021 година**

---

**дата:** 24.12.2021 година, Скопје

---

**број на страници:** 2

---

**врска наш број номинација:** 03-438/2 од 27.04.2021 година
**врска наш број решение за назначување:** 03-438/3 од 17.05.2021 година

---

Почитуван,

Како надлежна институција за следење на работата на назначените службеници за млади во прилог Ви го доставуваме годишниот извештај на службеникот за млади во Бирото за развој на образованието за 2021 година.

**Со почит,**
**в.д. Директор на Бирото за развој на образованието**

**Зекирија Хасипи**

**М.П.**

Република Северна Македонија * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * Биро за развој на образованието * Скопје * Republika e Maqedonisë së Veriut * MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS * Byroja e zhvillimit të arsimit * Shkup

Подготвил: Александар Јолевски,
помлад соработник во Бирото за развој на образованието
и назначен службеник за млади

Врз основа на решението за назначување на службеник за млади од в.д. Директорот на Бирото за развој на образованието со архивски број 02-438/3 од 17.05.2021 година и Законот за младинско учество и младински политики - Службен весник на Република Северна Македонија број 10/2020, член 23 став 2 назначеният службеник за млади изготви и поднесе:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021Г.

**Службеникот за млади во Бирото за развој на образованието во текот на 2021 година има реализирано:**

| | | |
|---|---|---|
| **Информативни состаноци** | **2** | **(два)** |
| **Истражувања** | **2** | **(две)** |
| **Обуки** | **1** | **(една)** |

Информативните состаноци се реализирани со: Тимот на Младинскиот сојуз – Крушево (реализиран информативен онлајн состанок на 03.09.2021 г.) и Џуниор Ачивмент Македонија (реализиран информативен онлајн состанок на 27.10.2021 г.). На овие состаноци присутните имаа можност да ги истакнат своите полиња и законски можности на постапување и делување, а се однесуваат на младите кои се на возраст од 15 до 29 години и ги опфаќа Законот за младинско учество и младински политики.

Истражувања се спроведени и реализирани од: Коалиција СЕГА „Почетна студија за младинските трендови во Република Севрена Македонија" (презентирано на 21.12.2021 г.) и Младинскиот образовен форум „Истражување за предизвиците и потребите на младите според големината на местото на живеење" (презентирано на 22.12.2021 г.). Спроведеното истажување и почетна студија се стремат да ги согледаат младинските трендови, нивните предизвици и потреби со кои се соочуваат младите во нивното секојдневно делување и живеење.

Обуката за службениците за млади на тема „За градење капацитети на службениците за млади за младинско учество и младински политики" беше организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на 29-30.11.2021 г. Оваа обука имаше за цел да ги зајакне капацитетите на службениците за млади кои во својата понатамошна работа треба да постапуваат согласно Законот за младинско учество и младински политики, како и нивно вмрежување со цел полесно и подостапно овозможување и исполување на барањата и правата кои ги имаат младите. На обуката детално преку организирани активности, вежби и квизови службениците за млади имаат можност подетално да се запознаат со своите обврски, должности и истите да ги применат практично преку организираните сесии: Вовед во младинска политика – локални и меѓународни практики, Младински потреби и предизвици во Северна Македининија, Нивоа и практики на младинско учество, Ефективна комуникација со млади и младински граѓански сектор, Улогата на службениците на млади во спорведувањето на политиките за млади и Вмрежување помеѓу службениците на млади.

**подготвил: Александар Јолевски,**
**помлад соработник во Бирото за развој на образованието**
**и назначен службеник за млади**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
**Архивата на Бирото за развој на образованието,**
**Агенција за млади и спорт,**
**в.д. Директорот на Бирото за развој на образованието,**
**Раководителот на секторот за истражувања во образованието,**
**Одговорниот службеник за објавување на извештаи на веб-страницата,**
**Назначениот службеник за млади на Бирото за развој на образованието.**